Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 08-1379/1
02-10-2025 20 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 02-4566/1
02.10 2025 год.viti
Скопје-Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Склучен на 2.10.2025 година помеѓу:**

1. **Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Машински факултет во Скопје, ул. Руѓер Бошковиќ бр. 18 Скопје, застапуван од Деканот, проф. д-р Златко Петрески** (во натамошниот текст Факултет)

2. **Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, ул. Македонија Бр. 27 Скопје – Центар, 1000 Скопје, застапувано од Министер Сања Божиновска** (во натамошниот текст Министерство)

Во понатамошниот текст, „страните потписнички"

## Општи одредби

### Член 1

Овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст „Меморандум") ја изразува намерата на страните потписнички за соработка на полето на машинството како и заедничката цел за воспоставување на долгорочна соработка на полето на техниката, образованието и науката.

Соработката се остварува врз основа на Законот за високото образование, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор како другите акти со кои што се уредува работењето на договорните страни.

## Облици и начин на соработка

### Член 2

Активностите за соработката вклучуваат, но и не се ограничени на следното:

- Зајакнување на контактите и дијалогот меѓу Министерството и Факултетот;
- Овозможување на студентски пракси;
- Соработка на студентски проекти;
- Организирање на обуки, работилници, конференции и размена на искуства;
- Учество во заеднички проекти согласно потребите на двете страни.

## Спроведување на формите на соработка

## Член 3

За спроведување на формите на соработка Факултетот и Министерството ќе склучуваат посебни договори со кои што ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

За студентите кои практичната настава ќе ја спроведуваат во Министерството, ќе бидат издадени соодветни документи согласно процедурата за пракси на Факултетот.

За секоја од формите на соработка Факултетот и Министерството ќе назначат одговорно контакт лице.

## Финансиски одредби

## Член 4

Активностите и соработката ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички и не предизвикуваат никакви финансиски обврски за ниту една од страните а истите можат да настанат само врз основа на посебен договор.

## Заштита на лични податоци

## Член 5

Потписниците на Меморандумот се обврзуваат да обезбедат тајност и заштита на личните податоци на начин што нема да бидат повредени обврзувачките законски и подзаконски акти.

## Добро име

## Член 6

Потписниците на Меморандумот се должни да се грижат за угледот и доброто име на другата договорна страна, доколку тоа не е во спротивност со прописите, како и да ги штитат заедничките интереси.

**Дополнувања, времетраење и прекин**

**Член 7**

Овој Меморандум може да биде дополнет или изменет со Анекс во писмена форма помеѓу страните потписнички.

Овој Меморандум се склучува на неопределено време.

Двете договорни страни може да го раскинат овој Меморандум со достава на писмено известување до другата страна, доколку другата страна не се придржува до неговите одредби и ако престане потребата од меѓусебна соработка, истиот се смета за раскинат по истекот на 5 дена од денот на приемот на писменото известување.

**Важност на Меморандумот**

**Член 8**

Овој Меморандум стапува на сила на денот на потпишувањето.

Страните се обврзуваат сите несогласувања кои ќе произлезат од овој Меморандум да ги решаваат преку меѓусебни консултации и усогласување на ставовите.

Овој Меморандум е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, по 2 (два) за секоја страна потписничка.

| **Машински Факултет Скопје** | **Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини** |
|---|---|
| Проф. д-р Златко Петрески | Сања Божиновска |
| Декан | Министер |